Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), министерката за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СИДРИШТЕТО „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ", ОХРИД

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите и начинот на користење на сидриштето „Билјанини Извори", Охрид (во натамошниот текст: Сидриштето), плаќање надоместок за користење на услугите за влез и сидрење, обврски и одговорности на корисникот на услугите, обврски и одговорности на Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството) и реализација на Договорот за условите и начинот на користење на Сидриштето.

### Член 2

Корисникот на услугите во Сидриштето, може да биде секој учесник во јавниот превоз во внатрешната пловидба во Република Северна Македонија, согласно со позитивните прописи на Република Северна Македонија.

Пловни објекти кои можат да се сидрат во Сидриштето се: чамци за јавни потреби, чамци за нестопански цели (за лични потреби, спорт и рекреација), едрилици, глисери, скутери, јахти, односно сите пловни објекти кои поседуваат пловидбена дозвола издадена од надлежен орган во Република Северна Македонија.

Во зоната на Сидриштето може да се внесуваат и паркираат и приколки за превоз на пловните објекти.

## II. УСЛОВИ И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ

### Член 3

Пловните објекти кои се сидрат во Сидриштето мора да поседуваат важечка пловидбена дозвола.

### Член 4

Заинтересираните лица за користење услуги во Сидриштето, секоја година во периодот од 15 март до 1 април поднесуваат Барање за користење на услуги за влез и сидрење на пловен објект во сидриштето „Билјанини Извори", Охрид, (во натамошниот текст: Барање) до Министерството, за период од една година - годишно сместување.

Барањето од став 1 на овој член, е дадено на образец во Прилог број 1, кој е составен дел на овој правилник.

Предност при доделување на сидришно место во Сидриштето, имаат лицата кои веќе имаат склучено договори за условите и начинот на користење на Сидриштето, за период од една година.

Заинтересираните лица за користење на услуги во Сидриштето за пократок период од една година, поднесуваат Барање на образецот од став 2 на овој член, а сместувањето на пловен

објект за период пократок од една година, ќе биде понудено само за сидришните места кои нема да бидат издадени за годишно сместување.

Доколку корисникот на сидришното место го продаде пловниот објект, новиот сопственик на пловниот објект има право да го задржи сидришното место, доколку ги прифаќа условите од Договорот од член 6 став 2 на овој правилник.

**Член 5**

Барањето е достапно на веб страната на Министерството, www.morm.gov.mk.

Барањето содржи: вид, марка и регистарски број на пловниот објект; должина и ширина на пловниот објект; дали е со или без приколка; период на користење на услугата (една од понудените опции); име и презиме, број на лична карта и адреса на живеење на сопственикот на пловниот објект; овластување за користење на пловниот објект заверено од нотар, име, презиме, број на лична карта и адреса на живеење на овластените лица за користење на пловниот објект; име, презиме, број на телефон и е-маил адреса на лицето за контакт и потпис на подносителот на барањето.

Кон Барањето се приложуваат следниве документи: копија од лична карта од сопственикот на пловниот објект; тековна состојба и овластување за користење на пловниот објект заверено на нотар, доколку пловниот објект е во сопственост на правно лице; важечка пловидбена дозвола за пловниот објект; уверение за способност за управување со пловен објект, на име на сопственикот и овластените лица за користење на пловниот објект; овластување за користење на пловниот објект заверено на нотар; копија од лична карта од овластените лица за користење на пловниот објект.

Потпишаното Барање, заедно со документите од став 3 на овој член, во електронска форма се доставуваат на електронската адреса biljaniniizvori@mod.gov.mk.

**Член 6**

Министерството по добивање на Барањето врши проверка дали истото е во согласност со член 5 од овој правилник. Доколку се утврди дека недостасува некој од бараните документи, на електронската адреса на подносителот на Барањето се испраќа известување дека во рок од 3 (три) дена потребно е да ја комплетира документацијата.

Доколку Барањето е комплетно и има слободни места во Сидриштето, на електронската адреса на подносителот на Барањето се испраќа известување дека во рок од 3 (три) дена потребно е да ја донесе оригиналната документацијата.

Доколку не постапи по известувањето од став 2 на овој член, на подносителот на Барањето се испраќа известување дека не му е одобрено користење на услуги за влез и сидрење на пловен објект во Сидриштето.

По поднесување на оригиналната документација од страна на подносителот на Барањето, му се предлага Нацрт-договор за условите и начинот на користење на сидриштето „Билјанини извори", Охрид, кој е даден во Прилог број 2 и е составен дел на овој правилник.

Договорот за условите и начинот на користење на сидриштето „Билјанини извори", Охрид, (во натамошниот текст: Договор) го потпишува министерот/министерката за одбрана или од него/неа овластено лице и корисникот на услугата, најдоцна во рок од 15 дена од приемот на Барањето.

Корисникот на услугата е должен најмногу во рок од 5 (пет) дена од потпишување на Договорот, да изврши уплата на вкупниот износ на надоместокот за користење на Сидриштето, согласно Ценовникот за утврдување на висината на надоместокот за користење на услуги за влез и сидрење на пловен објект во сидриштето „Билјанини извори", Охрид, кој е даден во Прилог бр. 3

и е составен дел на овој правилник, на жиро-сметка на Министерството, наведена во Ценовникот и Договорот.
Доколку нема слободни места во Сидриштето, без разлика на комплетноста на Барањето, Министерството на електронската адреса на подносителот на Барањето испраќа известување, дека не може да се понуди користење на услуги за влез и сидрење на пловен објект во Сидриштето.

**Член 7**

По извршена уплата на надоместокот за влез и сидрење, а најдоцна во рок од 5 (пет) дена, Министерството издава Одобрение за користење на услуги за влез и сидрење на пловен објект во сидриштето „Билјанини Извори", Охрид, дадено на образец во Прилог број 4, кој е составен дел на правилникот.
Одобрението од став 1 на овој член, се издава на име на сопственикот на пловниот објект.
Корисникот на услугата може да влегува, да присуствува и да се движи во зоната на Сидриштето, само доколку поседува издадено Одобрение од став 1 на овој член, полномошно за влез и сидрење на пловниот објект во Сидриштето издадено од сопственикот на пловниот објект, како и документ за лична идентификација издаден од надлежен орган.

**Член 8**

Влезот во Сидриштето се дозволува во временски период од 06,00 до 21,00 часот во текот на денот.

**Член 9**

Влез и сидрење на пловниот објект во Сидриштето, се врши на точно определено и обележано сидришно место за пловниот објект за кое е издадено Одобрението од член 7 став 1 на овој правилник.
Сидришните места во Сидриштето се обележуваат со нумерички ознаки.
На сидришно место определено и обележано за пловен објект за кој е издадено Одобрението од член 7 став 1 на овој правилник, не може да сидри друг пловен објект.
Паркирање на приколки за превоз на пловните објекти, се врши на точно определено место за тоа, од страна на припадник на Армијата на Република Северна Македонија кој е одговорен за Сидриштето.

## III. ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИ ЗА ВЛЕЗ И СИДРЕЊЕ

**Член 10**

Надоместокот за користење на услуги за влез и сидрење се плаќа на жиро-сметка на Министерството, со уплата на износот наведен во Договорот, а определен во Ценовникот за утврдување на надоместокот за користење на услуги на влез и сидрење во сидриштето „Билјанини Извори", согласно видот на пловниот објект кој се сидри и временскиот период за кој се користи услугата за сидрење.

## IV. ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА КОРИСНИКОТ НА УСЛУГИТЕ

**Член 11**

Пловен објект не може да влезе и да се сидри во зоната на Сидриштето, доколку не се исполнети условите за влез и сидрење од овој правилник.

Во зоната на Сидриштето не се дозволува утовар на патници и стока, полнење на гориво, сервисирање, поправки и преправки на пловниот објект, движење на лица и паркирање на моторни возила, внесување и консумирање на алкохол, како и влез на други лица или поголеми групи.

Корисниците на услугите во Сидриштето се должни да го запазуваат и почитуваат утврдениот внатрешен ред на однесување и користење на Сидриштето.

Внатрешниот ред на однесување и користење на Сидриштето, се истакнува на видно место на влезот на Сидриштето.

**Член 12**

Во случај корисникот на услугите да не го почитува внатрешниот ред на однесување, од страна на Министерството може да му биде откажано натамошно користење на услугите во Сидриштето.

Откажувањето на услугите за влез и сидрење во Сидриштето, се врши согласно Договорот.

Доколку со недомаќинско однесување и непочитување на внатрешниот ред на однесување и користење на Сидриштето се предизвика штета, корисникот е должен да ја надомести штетата во целост.

Висината на штетата ја утврдува посебна комисија која ја формира министерот/министерката за одбрана.

Доколку корисникот на услугите одбие да ја надомести причинетата штета, пловниот објект се задржува во Сидриштето се до денот на целосната исплата на штетата.

**Член 13**

Во случај пловниот објект да остане во Сидриштето по истекување на Договорот, овластеното лице од Воената пошта е должно веднаш да го информира Секторот за недвижности во Министерството, кој испраќа опомена за отстранување на пловниот објект на електронската адреса на неговиот корисник.

Во случаите од став 1 на овој член, корисникот ќе плати два пати поголем износ на надоместок за користење на услуги за влез и сидрење, за секој започнат месец по истекот на Договорот.

Доколку корисникот одбие да ги плати надоместокот од став 2 на овој член, пловниот објект ќе му биде задржан во Сидриштето, се до денот на целосната исплата на истиот.

## V. ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ

**Член 14**

Воената пошта надлежна за Сидриштето е должна да овласти лица кои ќе водат електронска евиденција за влез, сидрење и обезбедување на пловните објекти за кои е склучен Договор.

Овластеното лице од став 1 на овој член, води електронска евиденција (на ексел табела) на сите пловни објекти кои го користат Сидриштето.

Во евиденцијата од став 2 на овој член, се внесуваат податоци со име и презиме на корисникот, вид на пловен објект и регистарски број, нумеричка ознака на сидришното место, бројот на Договорот и бројот на издаденото Одобрение за користење услуги за влез и сидрење на пловен објект во сидриштето, како и времето и датумот за секој влез и излез од Сидриштето

**Член 15**

Реализацијата на Договорот, како и плаќањето на надоместокот за користење на услуги за влез и сидрење, го следи Секторот за недвижности и Секторот за финансии во Министерството.

По потпишување на Договорот, Секторот за недвижности истиот електронски го доставува до Секторот за финансии, а Секторот за финансии електронски и веднаш го информира Секторот за недвижности за извршената уплата на надоместокот за влез и сидрење.
Одговорното лице на Сидриштето веднаш по завршување на сидрењето на пловниот објект, електронски го информира Секторот за недвижности за доделеното сидришно место.
Секторот за недвижности води електронска евиденција за потпишаните Договори, искористените сидришни места и уплатените средства на име надоместок за користење на услуги на влез и сидрење.
На крајот на секој месец, Секторот за недвижности доставува извештај за моменталната состојба на пловните објекти во Сидриштето, со табела, до државниот секретар во Министерството.
Три пати во текот на годината, Секторот за инспекција во одбраната во Министерството, на иницијатива на министерот за одбрана или државниот секретар, спроведува инспекција на состојбите во Сидриштето, од аспект на реалната пополнетост со пловни објекти и покриеноста со договори за користење на Сидриштето, кои се во сила.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

Пловните објекти на органите на државната власт и локалната самоуправа, на хуманитарните организации во Република Северна Македонија, на организациите на НАТО и ЕУ, може да користат услуги за влез и сидрење во Сидриштето без надоместок, само врз основа на претходно одобрение од Министерството.

**Член 17**

Договорите за условите и начинот на користење на сидриштето „Билјанини извори" Охрид кои се склучени помеѓу Министерството и корисниците на Сидришето пред денот на влегувањето во сила на овој правилник, продолжуваат да важат до денот на истекот на важноста на истите.

**Член 18**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот бр.01-3167/1 од 07.06.2013 година и бр.02-4626/2 од 27.07.2018 година.

**Член 19**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.01-1471/1
08-03-2021 2021 година
Скопје

**МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА**
Радмила Шекеринска Јанковска

Изработил: Елдан Џигал
Контролирал: Емилија Ралева
Одобрил: Билјана Ефтимова
Согласен: Драган Николиќ

**Прилог број 1**

До
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА
-Сектор за недвижности

Предмет: Барање за користење на услуги за влез и сидрење на пловен објект во сидриштето „Билјанини Извори", Охрид

Барам да ми се одобри користење на услуги за влез и сидрење на пловен објект во сидриштето "Билјанини Извори", Охрид, на:

□ глисер □ јахта □ едрилица □ брод □ скутер □ кајче,
вид/марка ____________________________________________,
регистарски број ______________________________________,
со должина __________ метри, ширина ____________ метри,
□ со приколка за пловен објект □ без приколка за пловен објект,
за период од □ една година □ шест месеци □ друго
од _________________ година до _________________ година,
во сопственост на ____________________________________________, со лична карта бр. _________________ и адреса на живеење _____________________________________________,
како и овластување за користење на пловниот објект заверено од нотар, за следните лица:

| лице | број на лична карта | адреса на живеење |
|---|---|---|
| | | |
| | | |

Информирам дека лице за контакт е ___________________________________, со број на телефон _________________ и електронска пошта _______________________________

Барам сместување на пловниот објект во зоната за сидришни места за кои се плаќа дополнителен надоместок,__________ да/не.

ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО:
□ копија од лична карта од сопственикот на пловниот објект;
□ тековна состојба за правно лице;
□ овластување за користење на пловниот објект заверено на нотар, од правно лице;
□ важечка пловидбена дозвола за пловниот објект;
□ уверение за способност за управување со пловен објект, на име на сопственикот и овластените лица за користење на пловниот објект;
□ овластување за користење на пловниот објект заверено на нотар;
□ копија од лична карта од овластените лица за користење на пловниот објект.

ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕТО

_________________________________

**Прилог број 2**

**Д О Г О В О Р**
**за условите и начинот на користење на сидриштето**
**„Биљанини извори”, Охрид,**
**склучен помеѓу:**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, Скопје, ул.„Орце Николов“ бр.116, телефон 02/328-2568, факс 02/3282-2595, претставувано од ________________________________________, како давател на услуга (во натамошниот текст: давател) и
________________________, со л.к.бр._______ и адреса на живеење _________________, телефон ___________________, електронска адреса ______________________________, како корисник на услуга (во натамошниот текст: корисник)

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е уредување на правата и обврските на давателот и корисникот, во врска со користење на услуги за влез и сидрење на пловен објект во сидриштето „Биљанини извори“, Охрид, согласно Правилникот за условите и начинот на користење на сидриштето „Биљанини извори“ Охрид
Бр. _________________од __________________ година.

## II. НАДОМЕСТОК И ВРЕМЕ НА КОРИСТЕЊЕ

Член 2

Давателот се обврзува на корисникот да му обезбеди услуги за влез и сидрење за пловен објект - _______________, вид/ марка „__________________“ ______, со должина од ____ метри, ширина од ____ метри и регистарски број _______________, во сидриштето „Биљанини извори“ Охрид, во времетраење од ______ месеци, во период од _______ до ______ година.
Висината на надоместокот за користење на Сидриштето е утврдена со Ценовникот за утврдување на висината на надоместокот за користење на услуги за влез и сидрење во сидриштето „Биљанини Извори“, Охрид, согласно видот на пловниот објект кој се сидри и временскиот период за кој се користи услугата за сидрење, со вклучен ДДВ.
Корисникот се обврзува да плати надоместок за користење на услугите за влез и сидрење на пловниот објект, без приколка/со приколка во сидриштето, за период од ____ месеци, во вкупен износ од _________________ денари, со вклучен ДДВ.

Член 3

Давателот – Министерството за одбрана, за наведениот износ на надоместок од член 2 став 3 на овој договор, изготвува и доставува фактура до корисникот, по потпишувањето на овој договор.

Корисникот се обврзува да го плати надоместокот, во рок од 5 (пет) дена по потпишувањето на овој договор, со уплата на средствата на сметка на давателот:

Министерство за одбрана
Трезорска сметка 100000000063095
Жиро сметка 050010011663115
Приходно конто 723911
Програма 50.

## III. НАЧИН И УСЛОВИ НА КОРИСТЕЊЕ

Член 4

Корисникот се обврзува да достави уредни документи за исправност на пловниот објект и тоа пловидбена дозвола и уверение за способност за управување со чамец, согласно Законот за внатрешна пловидба.

Корисникот ги прифаќа условите и состојбата во која се наоѓа сидришното место во сидриштето „Билјанини извори“ Охрид.

Давателот се обврзува да издаде Одобрение за користење на услуги за влез и сидрење на пловниот објект во сидриштето, по извршена уплата на вкупниот износ на надоместокот од страна на корисникот, а најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на уплата на средствата.

Во Одобрението од став 2 на овој член, се наведува вид, марка, регистарски број димензии на пловниот објект, со или без приколка, времетраење на користење, име и презиме, број на лична карта и адресна на живеење на сопственикот/корисникот на пловниот објект или од него овластено лице.

Член 5

Пловниот објект го превзема и враќа во Сидриштето исклучиво корисникот или од него овластено лице.

Влез и сидрење на пловниот објект во сидриштето се врши на точно определено и обележано сидришно место за пловниот објект, за кое се издава Одобрението за влез и сидрење од член 4 став 3 на овој договор.

Прием на пловниот објект се врши секој работен ден од 09.00 до 12.00 часот.

Време за превземање и враќање на пловниот објект се врши секој ден од 08.00 до 20.00 часот, со претходна идентификација со лична карта на корисникот или од него овластено лице и приложено Одобрение за влез и сидрење на пловен објект во Сидриштето од член 4 став 3 на овој договор.

Член 6

Во зоната на Сидриштето не е дозволено:

- утовар на патници и стока,
- внесување и полнење на гориво во пловниот објект,
- сервисирање, поправки, преправки, доградби и други активности на пловните објекти,
- движење на лица и паркирање на моторни возила, надвор од просторот за престој на чамци, без придружба на овластено лице и
- внесување и консумирање на алкохол, како и влез на други лица или поголеми групи во објектот.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Доколку корисникот или од него овластено лице предизвика штета или уништување на друг пловен објект или пак дел од сидриштето, корисникот е согласен да ја надомести причинетата штета.

Доколку пловниот објект на корисникот биде оштетен или уништен од страна на друг пловен објект, корисникот е согласен причинетата штета да ја бара од сопственикот на пловниот објект кој на сторил истата.

Доколку пловниот објект додека се наоѓа во сидриштето, биде оштетен или уништен од виша сила, Министерството за одбрана не презема финансиска и правна одговорност за надоместок на штетата.

Член 8

Овој договор се смета за склучен со денот на потпишувањето од страна на двете договорни страни.

Договорот може да се раскине со взаемна согласност на договорните страни, изразена во писмена форма, со отказен рок од 5 (пет) дена.

Договорот може да се раскине еднострано и пред истекот на рокот утврден во став 2 на овој договор, во следните случаи:

- ако корисникот не го плати надоместокот, на начин утврден во член 3 на овој договор и
- ако се јави потреба за користење на сидриштето за потребите на Министерството за одбрана и одбраната на Република Северна Македонија.

Отказниот рок во случаите од став 2 на овој член, изнесува 5 (пет) дена од денот на доставување на писменото известување за отказ на договорот, од страна на давателот.

Член 9

Договорените страни се обврзуваат, доколку при користење на сидриштето дојдат до било каков документ во писмена или електронска форма, кој несомнено припаѓа на една од договорените страни и кој претставува класифицирана информација, истата да ја чуваат и да не ја откриваат на трети лица или во јавноста и да ја вратат на другата договорена страна.

Давателот или од него овластено лице имаат право да вршат контрола во спроведување на одредбите на овој договор.

Член 10

Во случај на спор, договорните страни се согласни истиот да го решат спогодбено, а доколку тоа не е можно, спорот го решава месно надлежен суд.

Доколку корисникот ги прекрши одредбите од овој договор и за се што не е предвидено со договорот, договорните страни се согласни да се применуваат одредбите на Законот за облигациони односи.

Овој договор е составен од 3 (три) еднообразни примероци, од кои 2 (два) за давателот на услугата и 1 (еден) за корисникот на услугата.

| ДАВАТЕЛ НА УСЛУГАТА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА | КОРИСНИК НА УСЛУГАТА |
| --- | --- |
| ______________________________ | ______________________________ |

**Прилог бр. 3**

# Ц Е Н О В Н И К

**за утврдување на висината на надоместокот за користење на услуги за влез и сидрење на пловен објект во сидриштето „Билјанини извори", Охрид**

1. Висината на надоместокот за користење на услуги за влез и сидрење на пловен објект во сидриштето „Билјанини извори", Охрид, се утврдува согласно видот на пловниот објект кој се сидри и временскиот период за кој се користи услугата за сидрење, по следниот ценовник со вклучен ДДВ, и тоа:

| Вид на пловниот објект | Годишен престој | Месечен престој доколку има слободни места |
|---|---|---|
| | (денари) | (денари) |
| Скутер | 22.000 | 10.000 |
| Кајче | 3.000 | 1.000 |
| Глисер до 3,5 м | 30.000 | 10.000 |
| Глисер од 3,5м-6,5м | 40.000 | 12.000 |
| Глисер 6,5м-8,5м | 50.000 | 15.000 |
| Глисер 8,5м-15м | 70.000 | 20.000 |
| Брод до 15м | 100.000 | 30.000 |
| Брод од 15м-20м | 120.000 | 40.000 |
| Брод преку 20м | 300.000 | 100.000 |
| Приколка за глисер | 5.000 | 1.000 |

2. Надоместокот од точка 1 на овој Ценовник, се уплатува на сметка на Министерство за одбрана, и тоа:

Трезорска сметка: 100000000063095
жиро сметка: 050010011663115
приходно конто: 723911
програма: 50

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

**Прилог бр. 4**

# О Д О Б Р Е Н И Е

**за користење на услуги за влез и сидрење на пловен објект во сидриштето „Билјанини Извори", Охрид**

Врз основа на Договор бр.________ од _________ година за услови и начин на користење на сидриште „Билјанини извори“, Охрид, склучен помеѓу Министерството за одбрана и ____________________________, на лицата:

| Лице | број на лична карта | адреса на живеење |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

им се издава одобрение за влез и сидрење на пловен објект во сидриштето „Билјанини Извори", Охрид:

☐ глисер ☐ јахта ☐ едрилица ☐ брод ☐ скутер ☐ кајче,

вид/марка _______________________________,

регистарски број __________________,

со должина __________ метри, ширина ____________ метри,

☐ со приколка за пловен објект ☐ без приколка за пловен објект,

за период од ☐ една година ☐ шест месеци ☐ друго

од __________________ година до _________________ година,

во сопственост на _________________________________, со лична карта бр. _________________ и адреса на живеење ____________________________________________.

Одобрението се издава за сидрење на сидришното место бр.___________________ .

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

_______________________________